## МАКЕДОНИЯ И МАКЕДОНЦЫ В ПРОШЛОМ — LA MACÉDOINE ET LES MACÉDONIENS DANS LE PASSE, Скопје 1960, стр. 520

Под овој наслов излезе од печат зборник на трудови посветен на XIII меѓународен конгрес на историчарите во Москва. Овој зборник излезе само неколку дена пред Конгресот и беше однесен во Москва каде бесплатно се делеше на присутните научни работници и делегации. Истиот побуди толку големо интересирање што беше, просто, разграбан уште истиот ден. Ова е доказ колку големо интересирање владее за македонската историја меѓу историчарите во светот.

Зборникот го издаде Институтот за национална историја, а под редакција на академикот Михаило Апостолски (уредник), акад. Бого Графенауер (Љубљана), пок. акад. Јорјо Тадиќ (Београд), проф. Љубен Лапе и д-р Александар Стојановски.

Зборникот содржи 34 статии пишувани од научни работници од Македонија и од другите југословенски републики. Така овој зборник се презентира како дело на југословенските историчари. Како по својата содржина, така и по својот обем истиот претставува голем придонес на македонската историографија.

Статиите се објавени на четирите светски јазици кои се службени на меѓународните конгреси на историчарите, и тоа на француски, англиски, германски и руски. Статиите, главно, ја покриваат целата македонска историја од VII век заклучно до Народноослободителната борба во Македонија и дадени се по еден хронолошки ред.

Првата статија на проф. д-р Панче Кировски (Скопје) објавена на француски јазик гласи: „Географските и економските карактеристики на Македонија“. Ова е уводна статија на зборникот. Другите статии на француски јазик се: д-р Бранко Панов (Скопје) „Активноста на Теофилакт Охридски во Македонија“; проф. д-р Константин Петров (Скопје) „Неизјаснет соодност на хелинистички и латински типски компоненти во рановизантиските базилики во Македонија“; д-р Јадран Ферлуга (Београд) „Востанијата на Македонските Словени во XI век“; д-р Александар Стојановски (Скопје) „Населението во Македонските градови во XV и XVI век“; д-р Галаба Паликрушева (Скопје) „Исламизацијата во Река“; Ванчо Бошков (Сарајево) „Животот и делото на Исак Челеби, турски поет од Скопје“; д-р Манол Пандевски (Скопје) „Македонија и Младотурската револуција“; д-р Орде Ивановски (Скопје) „Учеството на македонските социјалисти во националноослободителното движење на Македонија“; д-р Драгослав Јанковиќ (Београд) „Анексијата на Македонија кон Србија 1912—1914“; д-р Иван Катарџиев (Скопје) „Борбата на македонскиот народ за независност во условите на Првата светска војна“; д-р Миливоје Павловиќ (Београд) „Јужните Словени според јазичните факти“; д-р Александар Матковски (Скопје) „Најстариот македонски грб“.

Статии објавени на англиски јазик се: д-р Милан Васиќ (Сараево) „Мартолозите во Македонија“; д-р Данчо Зографски (Скопје) „Главните линии и фази во конституирањето на македонската нација“; д-р Глигор Тодоровски (Скопје) „Го-

лемосрпската вооружена пропаганда во Македонија по Илинденското востание до Балканската војна“; д-р Крсте Битоски (Скопје) „Оружените акции на грчката пропаганда во Македонија (1904—1908)“; Апостол, Керамитчиев (Скопје) „Нумизматичко изобилство во Македонија“; д-р Гавро Шкриваник (Београд) „За средновековните патишта во Македонија“; Крум Томовски (Скопје) „Архитектурата во Македонија во XIX век“.

На германски јазик се следниве статии: д-р Стјепан Антољак (Задар) „Македонски Склавинии“; д-р Хасан Калеши (Приштина) „Исак Челеби од Битола и неговите задужбини“; Франце Клопчич (Љубљана) „Словенечката социјалдемократија и македонското прашање пред Првата светска војна“; проф. Љубен Лапе (Скопје) „Моменти од работата на неколку македонски студентски друштва во странство“; Масар Кодра (Скопје) „Врските и соработката на македонскиот и албанскиот народ од почетокот на XX век до крајот на Првата светска војна“; Вера Весковиќ — Вангели (Скопје) „Жената во националноослободителните борби и во напредното работничко движење во Македонија 1893—1945“.

На руски јазик се следниве статии: Акад. д-р Бранислав Ѓурѓев (Сарајево) „Судир меѓу охридската и смедеревската црква во првата половина на XVI век“; Акад. д-р Харалампие Поленаковиќ (Скопје) „Македонските преселници и формирање на македонскиот полк во Русија во XVIII век“; д-р Климе Џамбазовски (Београд) „Влијание на српските и бугарските училишта во Македонија врз формирањето на националното сознание кај македонските ученици во текот на XIX век“; Акад. Димитар Митрев (Скопје) „Илинден 1903 година — историски прелом и врв на национално-револуционерната борба на македонскиот народ“; Акад. Михаило Апостолски (Скопје) „Формирање на македонската војска“; полк. Боро Митровски (Београд) „Слободната територија во Западна Македонија во 1943 година; д-р Сергеј Троицкиј (Београд) „Методија како автор на „Закон судниј људем“ и Лидија Кумбаровиќ-Богоевиќ (Скопје) „Трговската чаршија во Скопје“.

Како увод во Зборникот е даден сосема краток преглед на историјата на Македонија и на македонскиот народ, од бронзаниот период до крајот на Втората светска војна и тоа на француски и руски јазик.

Големиот интерес за овој Зборник се гледа и од фактот што и по Конгресот на историчарите во Москва е многу баран, и тоа особено од странство.

**А. М.**